АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК - СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС И СЛИЧНО ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на потрошувачи на електрична енергија, гас и слично од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување на потрошувачи на електрична енергија, гас и слично од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето го склучува со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

(2) Договорувач на осигурувањето во смисла на овие Дополнителни услови може да биде секое претпријатие кое сака да ги осигура своите потрошувачи.

(3) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурени без оглед на нивната здравствената состојба, општата работна способност и годините на живот, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

### Член 2 - НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

(1) Договорот за осигурување на потрошувачи на електрична енергија, гас и слично од последици на несреќен случај се склучува врз основа на службената евиденција на договорувачот на осигурувањето.

(2) Со овој договор можат да се осигураат и членовите на домаќинството на потрошувачот.

### Член 3 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Ако не е поинаку во полисата договорено, осигурувањето започнува во 24,00 на оној ден што е означен во полисата како почеток на осигурувањето за сите потрошувачи што биле тој ден воведени во службените евиденции на потрошувачи на договорувачот на осигурувањето, односно и членовите на нивното семејство.

За секој нов потрошувач, односно член на неговото домаќинство осигурувањето започнува во 24,00 часот на денот кога бил запишан во службените евиденции на договорувачот на осигурувањето.

За секој одделен потрошувач осигурувањето престанува во 24,00 часот оној ден кога го загубил својството на потрошувач во смисла на претходниот член.

### Член 4 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Ако е договорено осигурување со вклучување на ризикот смрт од болест осигурувачот е должен да исплати:

1. 50% од договорената осигурена сума, ако смртта настапи во текот на првите шест месеци на траење на осигурувањето, односно од стапување во осигурување.
2. 50% од износот за кој е зголемена осигурената сума кога се врши зголемување на осигурената сума, а смртта на осигуреникот настапила во текот на првите шест месеци од извршеното зголемување на осигурената сума, и договорената осигурена сума пред извршеното зголемување на осигурената сума.
3. Целата осигурена сума ако смртта на осигуреникот настапи по шест месеци од почетокот на осигурувањето, односно од стапување во осигурување.
4. Целата осигурена сума ако смртта на осигуреникот настапи по шест месеци од почетокот на извршеното зголемување на ново договорената осигурена сума.

(2) Со осигурувањето се опфатени:

1. оние потрошувачи на чие име гласи сметката за потрошена електрична енергија, односно гас и др. и кои таквата сметка ќе ја платат веднаш или најдоцна во рок од 15 дена од денот на нејзиното примање;
2. членовите на семејствата на потрошувачите

(3) Како членови на домаќинството во смисла на претходниот став се сметаат лицата што живеат во постојната куќна заедница со осигуреникот-потрошувач, без оглед на нивното сродство со него и заедно ги трошат своите приходи.

(4) Како доказ за платена премија односно платена сметка ќе служи сметката на договорувачот или талончето од чекот, ако сметката е платена во пошта или банка. Како ден на уплата се смета денот кога уплатата е извршена на касата на договорувачот, односно во пошта или банка.

## Член 5 - НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

(1) Пресметката на премијата се врши во рокот означен во полисата за осигурување, според фактичкиот број на осигурените потрошувачи.

(2) Договорувачот е должен да му ја плаќа договорената премија на осигурувачот за сето времетраење на осигурувањето во рокот договорен во полисата.

(3) Ако е договорено месечно плаќање договорувачот е должен да му ја достави на осигурувачот пресметката на премијата до 30-ти секој месец за изминатиот месец и истовремено да му го дозначи вкупниот износ на премијата според пресметката без оглед дали премијата ја плаќа од свои средства или ја наплатува од потрошувачите. Месечната премија се пресметува врз основа на бројната состојба на претплатниците на крајот на секој календарски месец.

(4) Месечната премија за ова осигурување е неделива. Месечната премија се пресметува врз основа на бројната состојба на претплатниците на крајот на секој календарски месец

Таа се плаќа во полн месечен износ за секој претплатник без оглед кога во текот на месецот започнало осигурувањето за секој одделен осигуреник.

(5) Договорувачот е должен да му ја достави на осигурувачот евиденцијата и документацијата од која може да се утврди правилноста на извршената пресметка и дознаката на премијата.

(6) Ако премијата се испраќа по пошта, се смета дека е платена во 24,00 часот оној ден кога е уплатена во пошта, а ако се плаќа со вирман се смета дека е платена во 24,00 оној ден, на кој е предаден вирманскиот налог во банка.

(7) Обврската на осигурувачот спрема секој осигуреник поединечно постои и кога договорувачот не ја уплатил премијата во предвидениот рок, ако осигурениот случај настане за времетраење на осигурувањето во смисла на член 6 и 19 од Општите услови.

## Член 6 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ ИЛИ ПОСТАРИ ОД 75 ГОДИНИ

(1) Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име на трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој како максимален е утврден со Одлука на Одборот на Директори на Акционерското друштво за осигурување Евролинк - Скопје.

(2) Кога лицето што претрпело несреќен случај е постаро од 75 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од сумата која би требало да ја исплати.

## Член 7 - ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Договорувачот на осигурувањето е должен да го пријави на осигурувачот секој несреќен случај што му настанал на осигуреникот во рокот предвиден со член 13 од Општите услови и да му ги даде сите потребни известувања за утврдување и постоење на висината на неговата обврска.

## Член 8 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај, а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Евролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/47 со примена од 25.02.2003 година